Кофинансиран од
Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и
имплементиран од
Советот на Европа

## Извештај на мисијата за билатералните средби со засегнатите страни во врска со

# Проценката на потребите на ОБПП и подрачните одделенија за БПП во системот за БПП на Република Северна Македонија

25-26 септември и 2-3 октомври 2023, Скопје

*Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сѐ додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, 2024“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставаат до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).*

*Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Дирекцијата за комуникации, Avenue de l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00; E-mail: Horizontal.Facility@coe.int*

*© Совет на Европа, октомври 2024. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.*

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторите. Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.*

## Цел на мисијата

Мисијата се одржа со поддршка на ЕУ/Советот на Европа во рамките на Хоризонталниот Инструмент III „За консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош (БПП) во Северна Македонија“.

Што се однесува до Проценката на потребите, намерата беше да се зајакнат и да се унапредат принципите и активностите идентификувани во документот за проценка на потребите изработен на почетокот на 2023 година во рамките на HF III. Во тој документ веќе беа детално разгледани предизвиците, недостатоците и потребите на централното Одделение за бесплатна правна помош во рамките Министерството за правда (ОБПП) и Подрачните одделенија (ПО). Тогаш беа поставени околу 60-тина конкретни препораки и чекори како краткорочна, односно среднорочна програма за подобрување и корекција. Во прилог на тој документ, имаше анекс кој ја одредуваше временската рамка која се протегаше од четвртиот квартал на 2023 година до крајот на 2024 година.

Тоа беше во март/април 2023 година. По половина година, оваа сегашна мисија се обиде да им обезбеди дополнителен импулс и конкретна реализација на тие препораки, преку

- зановено издвојување на клучните чинители, особено оние поврзани со Министерството за правда (МП);
- идентификација и проценка дали некои од предложените препораки се разгледани или некои постапки за нивна имплементација се веќе иницирани;
- преиспитување на изгледите за реално спроведување на предложените промени; и
- објавување и промовирање на препораките со одредена обновена енергија.

Основната намера, која сѐ уште ја споделува оваа мисија исто како и минатата, е да се постигне подобро функционирање на централното Одделение за бесплатна правна помош во рамките на Министерството за правда и зголемена ефективност и подобра координација и комуникација со ПО.

Активностите на мисијата во врска со Проценката на потребите што се разгледуваат во овој документ, не можат целосно да се одвојат од паралелната намера на мисијата поврзана со Физибилити студијата за единствено унитарно тело за управување со БПП во Северна Македонија. Иако нивните временски рамки се различни, а нивото на остварливост открива многу различни модалитети – поточно за нив се потребни два различни патокази – сепак на нив треба да се гледа како на континуум со значителна синергија помеѓу двата проекти. Патоказите може во голема мера да се спојат. Оттука, иако се занимава со проценка на потребите, овој извештај не настојува да направи вештачка разлика помеѓу нив, и онаму каде што е соодветно го разгледува приближувањето на двете иницијативи.

## Тимот на мисијата и соговорниците

Од страна на Советот на Европа, тимот на мисијата беше претставуван од националниот експерт на СЕ, г. Гоце Коцевски и меѓународниот експерт на СЕ, г. Џон Имс. Исто така, иако не учествуваа во презентирањето на извештајот за проценка на потребите, присутни беа и националниот експерт на СЕ, г-ѓа Бојана Неткова, и меѓународниот експерт на СЕ, г. Виктор Захарија. На сите состаноци и вмрежувања, тимот на консултанти имаше целосна поддршка од проектниот тим, вклучително и кратко информирање на соговорниците за намерата и активностите на проектот.

Соговорници на мисијата беа голем број значајни субјекти на засегнатите страни.

Двете клучни засегнати страни во управувањето и испорачувањето на граѓанска бесплатна правна помош (БПП) беа вклучени како соговорници во агендата на билатералните состаноци на мисијата. Тоа беа

- г. Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда, и
- тимот од централното Одделение за бесплатна правна помош (ОБПП) (г-ѓа. Весна Наковска, г-ѓа. Салије Ибраими и г. Оливер Давидовски).

Покрај билатералниот модел, беше остварен поширок и понеформален контакт со низа засегнати страни вмрежени на двата состаноци со акцент на БПП:

- 13-ти состанок на Националното координативно тело (НКТ) во Скопје, и
- Третиот состанок на штипското Локално координативно тело (ЛКТ).

Покрај останати главни засегнати страни, на двата важни состаноци присуствуваше и персонал од некои од ПО – што е важно да се напомене поради нивното централно место во проценката на потребите.

Дополнително, мисијата вклучи и полудневна работилница која конкретно се однесуваше на правната помош во рамките на Меѓународната конференција на Правниот факултет во Штип, насловена *Општествените промени во глобалниот свет*, на која беа присутни голем број други клучни чинители и набљудувачи во доменот на правна помош. На работилницата за правна помош на конференцијата, националниот експерт на СЕ, г. Гоце Коцевски, имаше презентација на тема *Работата на Националното координативно тело за БПП – најдобри практики и предизвици*, а меѓународниот експерт на СЕ, г. Џон Имс, одржа презентација за *Главните наоди од Проценката на потребите на ОБПП и ПО*, а во тој панел беа разменети мислења за прашања содржани во Проценката на потребите.

Задоволство беше што мисијата се сретна со државниот секретар г. Точи не само на конкретниот билатерален состанок, туку и на состанокот на НКТ и на

Конференцијата во Штип. Ова го зголеми чувството за тековен дијалог и топло партнерство со државниот секретар.

Поспоредна – поради двојната намена на мисијата која ја опфаќа не само оваа Проценка на потребите, туку и Физибилити студијата за единствено унитарно тело за правна помош – беше консултацијата на други засегнати страни, имено генералниот секретар на Владата на Северна Македонија, Адвокатската комора, Министерот за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Основниот кривичен суд, Основен граѓански суд. На тие состаноци, се разбира дека Физибилити студијата имаше предност, и беше договорено дека Проценката на потребите не е главната тема за дискусија.

## Некои досегашни достигнувања

На почетокот на мисијата, експертите на проектот беа информирани од г-ѓа Ирена Цуцулоска Јакимовска од проектниот тим на СЕ за напредокот од објавувањето на Проценката на потребите во мај 2023 година. Благодарение на нејзините интервенции и дискусиите што се одвиваа во последните 4 месеци, може да се забележат значителен број достигнувања:

- подобра поддршка во ИТ за подрачните одделенија, вклучително и ставање во функција на постоечките нови компјутери (тие беа обезбедени, но сè уште не беа ставени во функција - сега се)
- нова достапност на ИТ поддршка во живо на барање за подрачните одделенија на мобилна основа
- дополнителни случувања во поглед на обуката на персоналот на ПО
- подобра достапност на онлајн базите на податоци и Службен весник за ПО
- нов фокус од страна на МП за сериозните проблеми со просториите на ПО
- ПО беа поканети да направат самостојна ревизија на нивните простории и потребите на физичкото опкружување
- од страна на СЕ беше обезбеден печатен материјал кој ПО може да го изложат и понудат
- формална согласност од МП дека на ПО не им е потребна дозвола за локално промовирање (навистина, тие беа охрабрени; но не е потребно да чекаат охрабрување за да го направат тоа)
- во однос на корпоративниот идентитет/лого: веќе постои, и веќе се става во употреба

Заклучокот е дека одредени мерки може многу позитивно да се постигнат со приватно лобирање и охрабрување еден на еден. Овие мерки се постепени промени, но многу важни, а сите се клучни за подобра професионализација и подобрување на квалитетот на ПО.

Прашањето во врска со просториите е во тек, а моменталните гаранции од страна на МП, иако се добредојдени, треба дополнително формално да се следат и за нив треба да се додели определен буџет. Иден прв чекор би бил поформална ревизија на просториите на ПО и потребите на физичкото опкружување.

## Клучни точки кои произлегоа од дискусиите

### Државен секретар, Министерство за правда

Иако првично тимот имаше закажан состанок со министерот за правда, г. Кренар Лога, поради непредвидени обврски тој ја откажа средбата. Наместо него, тимот се сретна со државниот секретар во МП, г. Мухамед Точи. Двајцата експерти на СЕ го информираа г. Точи со резимирање на краткорочните и среднорочните препораки.

Во однос на потребата од поврзаност на пораките, како што се оние помеѓу Проценката на потребите и концептот на Единственото унитарно тело, тие беа претставени како тесно поврзани, дури и како неразделни теми. До моментот на состанокот со г. Точи, тимот веќе беше информиран за неговиот прелиминарен став дека обезбедувањето на бесплатна правна помош преку ПО треба да созрее и да се развие пред тој механизам за обезбедување на БПП да биде подготвен за единственото тело. Тој став ни го потврди и самиот, но од многу попозитивен аспект. На експертите им се чинеше дека ова претставува можност за интегрирање на краткорочните првични и корективни реформи со долгорочната стратешка визија. Веднаш беше очигледно дека ставот на г. Точи е дека постигнувањето на зрелост и целосна функционалност на сегашниот систем е неопходен предуслов за формирање на новото единствено унитарно тело.

Бидејќи државниот секретар се залага за таков постепен пристап (чекор по чекор) во поглед на реформата со воведување на Единственото унитарно тело, се постигна согласност дека е неопходно да се зајакнат капацитетите на ПО на одредено ниво; а дури потоа да се размислува за идеја за интегрирање на кривично-правната помош под единствен орган.

Во име на експертите на СЕ, г. Џон Имс ги разгледа наодите од Проценката на потребите за клучните предизвици во однос на институционалните капацитети на Министерството за правда, а особено на ОБПП и ПО. Државниот секретар се согласи. Тој особено го одобри предлогот во рамките на Проценката на потребите што тоа што истакна дека **треба да има „патувачки“ мобилен службеник за поддршка на подрачните одделенија**, за помош, поддршка и сервисирање на ПО во целата земја. Таквиот службеник не би имал дополнителни овластувања. ПО не би биле раководени од, ниту пак би биле одговорни пред службеникот за поддршка.Станува збор за улога на поддршка и

помош, а не директно претпоставен раководител и не некој кој се наоѓа хиерархиски над ПО. Покрај давањето на релевантна практична поддршка, совети и помош, таквиот службеник за поддршка би бил првиот чекор во доделувањето на одредено предводење, координација и централно насочување на моменталната самоволна мрежа на ПО. Државниот секретар ова го оцени како позитивен концепт. Навистина, тој чувствуваше дека има потреба од **назначување на лице кое ќе ја надгледува работата на мрежата**.

Г. Имс, исто така, изложи некои од неповолните наоди на Проценката на потребите во однос на недостатокот на иновации, недостатокот на лидерство, нискиот степен на употреба, ризикот од стагнација и слабата мотивација во ПО. Ова не беше новост за државниот секретар. Тој особено го препозна фактот дека **главна причина за загриженост се ниските бројки**. Го прифати коментарот дека ресурсите на ПО се недоволно искористени, граѓаните сè уште не се доволно информирани за правната помош преку ПО, но и дека вработените во подрачните одделенија допрва треба да се оспособат за да работат како даватели на правна помош. Иако е оправдано горд на отворањето на три нови подрачни одделенија, вклучително и долго посакуваното во Шуто Оризари, г. Точи смета дека е важно фокусот да се стави на квалитетот, а не само на квантитетот. Треба да има подобрување во поглед на суштината на квалитетот, како и во опсегот на покриеноста.

Г. Точи се согласи дека постои ризик од стагнација во некои делови од мрежата на ПО. Тој го наведе Кичево (пополнето со 9 лица), каде што рече дека има многу застој и недоволно случаи. Имаше аргументи за прераспоредување на лица од ПО Кичево, каде има преголема пополнетост, во ПО со помала пополнетост. И во Тетово имаше екстремна пополнетост (пополнето со 21 лице) иако дел од персоналот од Тетово беше преместен во нови подрачни одделенија отворени во руралните општини во околината на градот.

Тој рече дека подрачните одделенија треба да почнат да комуницираат преку локалните медиуми; потребно е да имаат поголема самодоверба за да го заземат своето место во заедницата, поврзувајќи се со други локални институции, вклучително и владини канцеларии како Центрите за социјална работа на МТСП. Во моментов тој призна дека има мал степен на употреба, недостаток на динамика и недоволна проактивност. Тој сметаше дека ако **ПО донекаде се пренаменат во Советодавни центри за граѓаните со можност за пристап и достапност во секое време**, како што забележал и во одредени други земји, овој концепт меѓу другото би бил исклучително прифатлив за МТСП.

Г. Точи ги презентираше предизвиците од страна на Министерството. Тој истакна дека правната помош е и ќе остане висок приоритет на Министерството. Ова е видливо преку почестите промотивни активности, отворањето на новите подрачни одделенија како и посветеноста да се работи на подобрување на системот.

Државниот секретар се залагаше за идеја која дополнително треба да го зајакне капацитетот на ПО со што ќе станат многу повидливи на локално ниво. Прво,

**кратко упатство, прирачник во кој се наведени клучните задачи што секое ПО треба да ги прави** на редовна основа во нивните заедници (на пример состаноци со различни сектори во општината, состаноци со судови и други институции, комуникација со НВО, појавување на локални медиуми, активности за подигање на јавната свест итн.). Потоа, за овие упатства треба да се дискутира и треба да се договорат на работен ручек, односно **состанок,** за раководителите на ПО.

Државниот секретар исто така предложи **состанок на кој ќе учествуваат правните клиники** бидејќи имаат експертиза во различни области на правото и ќе го искористат тој состанок за споделување на информации и знаење.

**Заклучоци**

За жал не успеавме да се сретнеме со министерот за правда. Сепак, севкупната поддршка и интересот на г. Точи за развојот на ПО и ОБПП е непроценлива и несомнена. Иако не можевме од прва рака да го испитаме нивото на интерес од страна на министерот, сепак зборот на г. Точи држи кај министерот. Фактот што тој ги разбира прашањата и дава вистинска поддршка на програма за ревитализација на БПП преку ПО претставува суштинска алатка која ќе ја доведе мрежата на ПО до потребното ниво на квалитет и функционалност и крајно ќе ја поттикне структурната реформа со единственото унитарно тело.

Постои согласност дека некои **итни корективни подобрувања** се неопходни и ова е првиот чекор кон обезбедување на потребниот буџет за некои од нив – особено за **подобрување на просториите**. Поочигледно, поддршката на г. Точи за мобилен патувачки службеник за поддршка на подрачните одделенија (ПСППО) може добро да се преточи во реалноста.

Со оглед на следните чекори во однос на реализирање на овој релативно скромен предлог, на експертите на проектот им се чини дека почетната фаза ќе биде да се направи краток **предлог документ**, во кој ќе се дефинира улогата, одговорностите и работната програма на патувачкиот службеник за поддршка на подрачните одделенија, како и да се изготви едноставна пресметка на трошоците, заедно со план за тоа како да се избере и ангажира лицето од постојните недоволно искористени вработени во ПО, како и да се изнајде точното место на улогата во хиерархијата.

Г. Точи има прогресивни идеи за **пренамена на подрачните канцеларии** преку нивно **лоцирање во срцето на нивните заедници**, и коригирање на дел од стагнацијата, а ние треба целосно да го поддржиме горенаведеното; ова може да биде дел од работниот план на патувачкиот службеник за поддршка на подрачните одделенија, доколку нејзините/неговите ресурси тоа го дозволуваат, што долгорочно треба да се вгради и во филозофијата на Единственото унитарно тело.

За жал, тимот не слушна никакви планови за зајакнување на капацитетите на Одделението за правна помош. Очигледната недоволна екипираност беше

посочена во извештајот од претходната мисија. Одделението се стреми да го заврши целиот обем на работа што им е доверен како централно тело. Исто така, на прашањето за реорганизација на одделението и негово подигање на ниво на сектор, нема подобрување. Овие недостатоци го носат постојниот ризик значително да ги поткопаат сите напори за зајакнување на капацитетот за обезбедување на правна помош.

## Одделение за бесплатна правна помош при МП

Експертите и проектниот тим се сретнаа со персоналот на ОБПП Весна Цекова, Оливер Давидовски и Салије Ибраими за да разговараат за деталите во рамките на Проценката на потребите во врска со предизвиците и недостатоците и во самото ОБПП, ПО, како и односот меѓу нив.

Меѓу прашањата што ги постави персоналот беа следниве:

- има мал број на постојани клиенти („проблематични клиенти“) кои постојано се враќаат, а кои се незадоволни од начинот на кој ОБПП постапува со нивните одбиени барања за правна помош, при што беше кажано дека не постои начин да се завршат и затворат нивните случаи бидејќи персоналот нема начин да се справи со таквите случаи. Овие клиенти се враќаат секој втор ден, како што се наведува, а вработените велат дека „пробале сѐ“ за да ги одвратат или да им забранат да доаѓаат. На прашањето колку такви лица има, одговорот беше 4 лица. Вработените кажаа дека доставувањето на службено писмо со кое од нив ќе се бара да се откажат нема да биде од никаква корист. Исто така, беше отфрлен коментарот дека е неопходна подобра комуникација со овие клиенти. Генерално, изгледа како безизлезна ситуација, но не и нешто на кое СЕ треба да посвети определени ресурси. Сите даватели на советодавни услуги страдаат од проблематични клиенти, перманентни клиенти чиј случај нема основа за да биде земен предвид; тоа е факт, а според експертите цврстите, јасни, но љубезни пораки испратени на таквите клиенти се единствениот начин на кој може да се реши проблемот.
- сѐ уште постои проблем со двосмисленоста на формулацијата која го одредува делокругот на постапувањето на адвокатот за даден правно потпомогнат предмет како што е дозволено со потврдата за овластување што се издава.
- адвокатите продолжуваат да го преплавуваат ОБПП со едноставни прашања за функционирањето на БПП, често прашања кои тие треба да можат сами да си ги одговорат; на вработените службеници со редовно работно време кои работат на обезбедување на БПП им се допадна идејата за подготвување на листа на често поставувани прашања (ЧПП) со одговори, што ќе бидат објавени во печатена форма и онлајн.
- запишувањето на адвокатите во Регистарот е сѐ уште проблем; природата на потешкотијата сѐ уште не е целосно јасна.

- 2-те ПО во центарот на Скопје имаат проблем поради тоа што адвокатите не сакаат да ги преземат предметите за БПП што ПО се обидуваат да им ги доделат; иако ни беше пријавено дека персоналот има свои решенија за ова (не знаеме што се подразбира под ова).
- постои фрустрација од начинот на кој Управниот суд се меша во одлуките на персоналот на ОБПП во однос на подобноста на поединците за БПП (сепак, треба да забележиме дека Управниот суд при спроведувањето на судска контрола има овластување да одлучува по однос на основаноста и да издава задолжителни насоки за органот на управата, во овој случај, Министерството за правда).
- ОБПП ќе посетува обука за адвокати: ова е позитивно
- постои силна согласност дека на ПО им треба надзор од ОБПП (што тие во моментов не се овластени да го вршат); г. Оливер Давидовски ја објасни практичната де факто поддршка што им ја дава на ПО неформално (и со вештините што ги поседува како поранешен работник во ПО). Навистина, тој извршува некои од функциите што ние би предложиле да бидат преточени во улогата на патувачкиот службеник за поддршка на подрачните одделенија, на крајот од дискусијата се потврди дека тој извршувал исклучително вредна улога, иако не била официјално препознаена.
- Што се однесува до прашањата со адвокатите, имаше интензивна дискусија за тоа како да се реши ова со еден или повеќе состаноци помеѓу Адвокатската комора и ОБПП. Ставот е дека доброорганизиран и добромодериран билатерален состанок или серија состаноци помеѓу ОБПП и претставниците на Адвокатската комора сепак би било потенцијално решение – како што е веќе предложено во Проценката на потребите. Но, беше повторено - и експертите на СЕ го поддржуваат тоа - дека треба да има јасна агенда и дневен ред на прашањата што треба да се обработат и да се договорат, ред по ред, при што придобивката ќе биде тоа што СЕ ќе игра улога на посредник/брокер/арбитер. Прашањата се веќе набројани во Проценката на потребите, а на овој состанок беа додадени уште неколку. Мислењето на експертите е дека некои писмени предлози направени однапред треба да бидат подготвени за таквиот состанок или серија состаноци. Исто така, важно е и оној кој ќе присуствува и ќе ја застапува Адвокатската комора, да има „*овластување за донесување на одлука*“, со други зборови значителен степен на делегирано овластување да се согласи или да не се согласи со што и да е предложено, со очекување дека Адвокатската комора ќе го почитува секој договор направен во нивно име.

### Заклучоци

Главниот впечаток од овој состанок беше целосно усогласен со впечатокот од средбата со г. Точи: **на ПО им е потребна централизирана поддршка, и тоа итно**.

Веќе е вистина дека околу 100-те вработени во околу 35-те ПО, претставуваат премногу хоризонтална организација; со други зборови, станува збор за еден многу распространет и голем тим без единствен раководител, а потребен им е еден таков. На сегашната средба постигната е согласност дека крајната цел е концептот на Единственото унитарно тело да ја пополни оваа празнина. Но, истовремено постигнат е и договор од страна на експертите дека краткорочните мерки се крајно неопходни. ОБПП, исто така, се едногласни по ова прашање, а постои и апсолутна конзистентност во ставовите кои ја истакнуваат потребата од лидерство, координација, поддршка, контрола на квалитетот, централизирана обука, наметнато партнерство и сите други подобрувања што би ги обезбедил директор или раководител. Во меѓувреме, не може да се обезбеди формално раководство, туку само **поддршка и координација** што може да се стави на располагање преку предложената улога на патувачкиот службеник за поддршка на подрачните одделенија (ПСППО). Реално е да се претпостави дека тоа би можело да се спроведе во текот на 2024 година.

Овде експертот ќе ги повтори препораките за институционалната поставеност на правната помош дадена во проценката спроведена од Гоце Коцевски и Елена Георгиевска во рамките на проектот HFII и споделена со Министерството во ноември 2022 година. Имплементацијата на овие препораки е од клучно значење за да се има опипливо подобрување на статусот на Одделението за бесплатна правна помош при МП.

1. Усогласување на актот за внатрешна организација на МП со Законот за бесплатна правна помош
2. На среден рок, Одделението за бесплатна правна помош треба да се издигне на нивото на Секторот за бесплатна правна помош
3. Подрачните одделенија на Министерството за правда, под претпоставка дека ќе вршат единствено задачи кои произлегуваат од Законот за бесплатна правна помош, структурно треба да се подредат на Секторот за бесплатна правна помош.
4. Во рамките на Секторот за бесплатна правна помош треба да се воспостават три посебни одделенија: 1. Одделение за креирање на политики и следење; 2. Одделение за обука и координација на подрачните одделенија; и 3. Одделение за постапување во управни постапки.
5. Неопходно е зајакнување на човечките капацитети на Одделението за бесплатна правна помош како суштински предуслов за негово издигнување на ниво на самостоен Сектор за бесплатна правна помош. Секторот треба да има најмалку 7 вработени, од кои 1 раководител на сектор, 3 раководители на одделенија и 3 извршители.
6. Мрежата на подрачните одделенија, особено бројот на вработени, треба да се оптимизира и да соодветствува на реалните работни обврски кои произлегуваат од надлежностите што ги имаат ПО. Оптимизацијата треба да се изврши на таков начин на кој ќе се ограничи максималниот број на извршители во едно подрачно одделение според бројот на населението кое го опфаќаат подрачните одделенија.

7. Сите лица кои се вклучени во обезбедувањето на примарна правна помош како и во постапувањето и одлучувањето по барањата за секундарна правна помош треба да бидат дипломирани правници со положен правосуден испит.
8. Да се разгледа можноста постојните лица кои работат во подрачните одделенија, а кои согласно актот за систематизација се распоредени на работни места за кои се бара средна стручна спрема, согласно постапката за мобилност, да бидат преместени во други подрачни одделенија на органите на државната управа (инспекторати, сектори за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи, подрачни одделенија на Државната изборна комисија и сл.).
9. Во годишниот план за обука задолжително е да се предвиди посебен дел кој се однесува на Законот за бесплатна правна помош.
10. Неопходно е соодветно техничко опремување на подрачните одделенија заради обезбедување на интероперабилност со другите државни органи.

## Други состаноци

Проценката на потребите не беше примарна цел на останатите состаноци, со исклучок на презентацијата од страна на експертот на СЕ, г. Имс, на работилницата за правна помош на Меѓународната конференција во Штип. Затоа, долунаведените коментари се збир на некои наоди што ги направивме како допирни точки во рамките на тие други состаноци.

- На средбата со претседателот на Адвокатската комора беше спомената потребата од гарантирање на пристојна географска покриеност на земјата од адвокати акредитирани за обезбедување на правна помош - нешто што во моментов не е случај, со ризик од постоење на места во кои не е обезбедено советување во некои помалку населени региони или региони кои опфаќаат само мали градови и села. Експертите се согласуваат дека ова е прашање за кое треба да се заинтересираат ПО и дека секој координатор доделен на ПО може на крајот да има далечинска функција што вклучува стратешко мапирање на достапноста на секундарна правна помош. Едно од прашањата што секогаш треба да се разгледуваат се алтернативните начини на обезбедување на БПП, дури и кога станува збор за секундарна правна помош.
- Претседателот на Адвокатската комора, исто така, истакна дека ПО биле клучни во обезбедување на првична правна помош; при што доби уверување дека нема да бидат затворени, туку напротив, дека постои програма за проширување.
- Повратните информации и дискусијата во контекст на презентациите на двајцата експерти на СЕ на Конференцијата во Штип вклучуваа упатување на акутните културолошки недостатоци во начинот на функционирање на ПО: учесниците од судовите, меѓу другото, заклучија дека постои фундаментална

потреба ПО да го сменат правецот, и од нивната традиционална улога на регионално присуство, како претставник на централната управа во регионите, да прераснат во **активна локална месна услуга вградена во заедницата** и со силно придржување кон **културата на обезбедување услуги**. Ние сесрдно го поддржуваме ова како експерти на СЕ, а таа културолошка промена е несомнено неопходна, доколку ПО треба да извршуваат работа која ќе биде навистина фокусирана на клиентите, што значи дека треба да се *соочени* со јавноста наместо да се *оддалечуваат* од јавноста. Се кажа и дека се работи за тоа да се има отворена врата, а не да се попречува влезот.

- Презентирајќи ги наодите од Проценката на потребите на работилницата за правна помош на Конференцијата во Штип, г. Имс го постави прашањето зошто нема редици во подрачните одделенија секое утро на почетокот на работното време. Станува збор за **фундаментално и акутно прашање во врска со малиот степен на употреба** што беше споменат од државниот секретар во Министерството за правда, г. Точи подоцна на билатералната средба. Учесниците на работилницата на конференцијата потврдија дека ова е проблем, а тоа ја нагласува и сериозноста на ситуацијата, доколку повторно се навратиме на симболичните бројки и оние наведени како официјални во Годишниот извештај на Министерството за правда за бесплатна правна помош за 2022 година.
- Се подразбира дека крајниот корисник на целиот БПП систем е типично некој кој е социјално обесправен, финансиски осиромашен или член на општеството со друг вид на предизвик; ова во неколку наврати беше подвлекувано од нашите различни соговорници, но најмногу беше истакнато од министерката за труд и социјална политика, г-ѓа Јована Тренчевска. Ние го сфаќаме тоа како широко, но цврсто признание за **заедништвото на целта, како онаа која постои помеѓу функционалниот систем за БПП и обезбедувањето на севкупна социјална заштита и социјална правда** за граѓаните на Северна Македонија. Тоа е една тула во севкупниот сојуз кој мора да продолжи да се гради со цел да се создаде поддршка за долгорочната цел на единственото унитарно тело, како и за пократкорочната цел за ревитализација на ПО во пунктови за обезбедување на услуги за заедницата.
- А всушност, постои синергија помеѓу акцентот на г-ѓа Тренчевска на оваа поента и упатувањето на државниот секретар за правда г. Точи на фактот дека на МТСП му се допаѓа идејата за советодавни центри за граѓани. Г-ѓа Тренчевска сама ја истакна поентата дека **зајакнувањето на капацитетот за БПП ќе им помогне на социјалните работници**, и дополнително, **колку се подобрени врските што би можеле да се изградат помеѓу ПО на БПП и Центрите за социјална работа на нејзиното Министерство**, толку подобро тие ќе ѝ послужат на групата на клиенти и ќе создадат ефикасност.

## Севкупни заклучоци и идни чекори

- Добар напредок може да се постигне со неформално, непосредно лобирање еден на еден и поттикнување на мали, но клучни практични мерки содржани во Проценката на потребите; овој процес треба да продолжи – особено благодарение на неспоредливата работа на проектниот тим на СЕ во оваа насока.
- Одделението за бесплатна правна помош на краток рок треба да биде пополнето со најмалку тројца нови вработени кои можат да бидат избрани од вработените во ПО, а истовремено потребно е да се измени актот за внатрешна организација на МП за да се постигне јасна хиерархиска подреденост помеѓу Одделението и ПО.
- Треба да се одржува притисок кога станува збор за **буџетот и делувањето по однос на прашањето за просториите и физичкото опкружување** на ПО.
- Потребен е континуиран притисок за **назначување на патувачкиот службеник за поддршка на подрачните одделенија**. Делувањето на СЕ за ова прашање треба биде содржано во еден краток документ, во кој ќе се наведат улогите, одговорностите, практичните прашања, ангажирањето и задачите што треба да се завршат во текот на 2024 година; како и тековна врска со г. Точи за ова прашање.
- Постои континуирана силна поддршка на идејата дека **подрачните одделенија треба да се пренаменат** со цел да преземат улога која повеќе ќе одговара на **советодавни центри за граѓани** во срцето на нивните заедници.
- Една специфичност во однос на сè поголемиот број на функции на ПО насочени кон заедницата треба да биде постепениот **развој на односот помеѓу ПО и Центрите за социјална работа на МТСП**. Треба да се размисли за почеток на формализирање на ова ветувачко билатерално партнерство.
- **Културните промени во ПО се суштински**, и веројатно ќе бидат добредојдени и на ниво на Министерството за правда и во поглед на персоналот на ПО.
- Обновениот фокус на **самопромоцијата од страна на ПО на локално ниво** оди рака под рака со горенаведената потточка, која сега е официјално одобрена и треба да се охрабрат вработените со цел да се спроведе.
- СЕ треба да ја поддржи и преземе задачата за пишување и издавање на упатствата или **прирачникот за ПО** што се однесуваат на нивните клучни задачи и одговорности, за што се залагаше државниот секретар г. Точи.

- Треба да има план за **средба на раководителите на ПО**: ова треба да се одвива на редовна основа во форма на хибридни состаноци (но со силен поттик да се присуствува во живо) 2-4 пати годишно, во зависност од ресурсите и ентузијазмот. На овие состаноци не треба да се вклучат други засегнати страни, туку треба да претставуваат простор единствено за промовирање и развивање на хоризонталното партнерство помеѓу ПО, вклучувајќи и дискусија за идниот развој, споделување на проблемите и еден поформализиран придонес во развојот на Единственото унитарно тело.
- На ОБПП треба да се продолжи да му се дава потребната помош од СЕ; иако ова може да вклучува справување со „проблематични клиенти", би било непропорционално да се вложат премногу ресурси во таа насока; но практичната **поддршка и обука за *справување со проблематични клиенти*** е поширока тема за обука која би била целосно значајна.
- На ОБПП може да му се помогне во подготвувањето на  еден **краток документ за ЧПП за адвокатите**, во кој ќе бидат одговорени некои од поедноставните прашања што често ги поставуваат адвокатите, на кои треба да ги знаат одговорите, како и помош за објавување во печатена и електронска форма.
- Што се однесува до тековната долга листа на наводни **потешкотии меѓу ОБПП и адвокатите**, потребно е да се одржи уште еден состанок или **серија на состаноци** со исклучително дефиниран дневен ред за дискусија, тема по тема, ред по ред, за на крајот да се постигне договор за формулацијата на **правилник или протокол** за тоа како адвокатите ќе ја уредуваат нивната тарифа и побарувања за обезбедената правна помош, а ОБПП ќе постапува по тие побарувања на самиот крај. Како што веќе беше побарано, СЕ ќе посредува во оваа дискусија.

Треба да се нагласи дека заклучоците и идните чекори дадени во овој Извештај за мисијата не ја заменуваат или поништуваат севкупната долга листа на препораки во Проценката на потребите. Скоро сите тие се сè уште актуелни; многу од нив се и итни. Сепак, временската рамка на препораките од Проценката на потребите веројатно сега треба да се прилагоди на начин на кој што сите препораки во неа треба да се завршат до крајот на 2024 година. Многу од итните препораки во неа се делумно завршени, а уште повеќе од нив треба бидат завршени до крајот на 2023 година, за што преостануваат уште два месеци, така што прилагодувањето на временската рамка на сите преостанати активности во проценката е рационално и на никаков начин не претставува уназадување.

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторите. Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.*

| | |
|---|---|
| *Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.*<br><br>**www.europa.eu** | *Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 46 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенција од страна на државите членки.*<br><br>**www.coe.int** |

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа